РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 09-1581/1
15-04-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на второто продолжение на 47-та седница, одржана на ден 14 април 2021 година, донесе

**О д л у к а**

Постапката по предметот 09 –2827/1 од 23.05.2019 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09 –2827/1 од 23.05.2019 година, бидејќи наводите од пријавата за постоење нерегуларности при спроведување на постапка за избор на директор на Агенцијата за ------------, не се потврдени.

Предметот со број 09 –2827/1 од 23.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09 –2827/1 од 23.05.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава со наводи за недоследности при спроведување на постапка за избор на директорот на Агенцијата за ----------------, односно постапката била целосно нетранспарентна, при проверка на кандидатите не била вклучена јавноста, и наводно постоело политичко влијание во целиот процес.

Заради утврдување на наводите од пријава, Државната комисија побара од Агенцијата за -------------- да ја достави целокупната постапка по спроведен Јавен Оглас за избор на директорот на Агенцијата за --------------, именуван со одлука на Управниот одбор на Агенцијата за -------------- од 09.01.2019 година.

Од доставениот допис од Агенцијата за ------------- се констатира дека најпрво на седницата на УО на Агенцијата ------------- одржана на 28.09.2018 година, е донесена Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на директор поради тоа што мандатот на претходниот директор бил пред истек. Било одлучено Огласот да се објави на 01.10.2018 година и за тоа да се извести Собранието на РСМ. Била донесена Одлука за распишување на јавен оглас за избор на директор на -------------- со бр. 02-1486/1 од 28.09.2018 година. Понатаму, на седницата на УО на ------------ одржана на 01 и 05.10.2018 година, била донесена Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на директор да биде објавен на 15.10.2018 година со цел навремено подготвување на целокупната потребна документација која се доставувала до дневните весници за објавување на Огласот. За таа цел е донесена нова Одлука за распишување на јавен оглас за избор на директор со бр. 02-1504/1 од 01.10.2018 година. За оваа одлука биле известени: Собранието на РСМ и Претседателот на комисијата за транспорт и врски и екологија во Собранието на РСМ. Јавниот оглас за избор на директор на ------------ согласно член 9-г од Законот за

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

воздухопловство и Одлука за распишување на јавен оглас за избор на директор на ----------- со бр. 02-1486/1 од 28.09.2018 бил објавен во три дневни весници. Во Јавниот оглас се наведени конкретните услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите. На седницата на Управниот одбор на ----------- одржана на 29.10.2018 година е констатирано дека се пристигнати вкупно седум пријави и нивното отварање ќе се вршело по редослед на пристигнување во Архивата на ---------- и генералиите за секој одделно се внесувале во Евидентел лист, наведувајќи ги условите од Јавниот оглас.

Понатаму на 54-та седница на Управниот одбор на ----------- одржана на 09.11.2018 година е извршена евалуација на поднесените пријави по Јавниот оглас, односно Претседателот на УО ги прочитал редоследно биографиите на кандидатите, и од страна на Претседателот и членовите на УО детално биле разгледувани доставените документи, CV, дипломи, сертификати. Кај кандидатот ------------ било констатирано дека не ги исполнува во целост условите од огласот, бидејќи не доставил доказ за познавање на англиски јазик согласно условите кои биле наведени во огласот. На истата седница под точка три е донесена Одлука на за избор на директор на ------------, односно членовите на УО на -----------, ----------- и ----------- го предложиле лицето ------------- да биде избран за директор на ----------. По дадениот предлог се пристапило кон гласање и со два гласа ЗА и еден воздржан се констатирало дека лицето ----------- е избран за нов директор на -----------. Во доставената документација од страна на -------- е доставено и CV лицето --------------- од кое се констатира дека истиот ги исполнил условите побарани во Јавниот оглас од 15.10.2018 година.

На вака констатирана фактичка состојба, Државната комисија констатира дека членовите на УО на ---------- го искористиле своето дискреционо право дадено согласно член 9-г став 2 од Законот за воздухопловство, според кој Директорот на Агенцијата го избира Управниот одбор на Агенцијата по пат на јавен оглас. Согласно постапка за избор на директор во истиот член од Законот за воздухопловство не е предвидена јавност во процесот на избор на Директор на -----------.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: м-р В.Г, Член на ДКСК